Здружение на граѓани за истражување, анализи и развој на јавни политики
„ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии"
Бр.
2022 год.
Скопје

Согласно член 18 и член 23 од Законот за здруженија на граѓани и фондации на Република Македонија (Службен весник на РМ бр. 52/10), на Собранието одржано на 19.12.2022 година, Собранието на „ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии" го донесе следниот

# ПРЕДЛОГ-С Т А Т У Т
## за измена и дополнување на статутот на Здружението
(Пречистен текст)
## ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии е невладино, непартиско, непрофитно и секуларно здружение на граѓани, кое го поддржува пристапувањето на Северна Македонија во ЕУ и европеизацијата на општеството преку истражувања и развој на јавни политики засновани на докази, професионална обука и советување, регионална соработка и застапување за промени.

### Член 2

ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии (ЕВРОТИНК) има својство на правно лице и е запишно во регистарот на здруженија на граѓани и фондациии при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

### Член 3

Полното име на здружението е Здружение на граѓани „ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии".
Скратеното име на здружението е ЕВРОТИНК.
Здружението за комуникација со странство ќе го користи своето име преведено на англиски јазик (*EUROTHINK – Center for European Strategies*), односно скратеното име на англиски јазик EUROTHINK.

### Член 4

ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии има свој заштитен знак, печат штембил.

- Истражувања, анализи и предлагање на алтернативни решенија засновани на податоци во областа на дејствување;

- Формирање на база на податоци, кои што може да ги користи за остварување на своите цели;

- Создавање на овозможувачка средина за развој на граѓанското општество, поврзување со други организации на граѓанското општество и воспоставување или зачленување во мрежи и платформи со цел развивање на регионална соработка;

- Одржување и организирање на обуки, курсеви, семинари, работилници, тркалезни маси и други форми на обука;

- Организирање на кампањи, промоции, и други форми на дејствување;

- Изготвување и издавање на публикации во печатена и електронска форма;

- Преведување на европските правни акти и стратегиски документи, како и друга литература од областа во која што делува.

Член 8

Своите цели здружението ги остварува вршејќи ги следните дејности од Националната класификација на дејности:

- 58.11 Издавање на книги;

- 58.12 Издавање на именици и списоци на адреси;

- 58.14 Издавање на списанија и периодични публикации;

- 58.19 Други издавачки дејности;

- 69.10 Правни работи;

- 70.10 Управувачки дејности;

- 70.22 Дејности на советување во врска со работењето и останатото управување;

- 72.20 Истражувања и експериментален развој во општествените и хуманитарните науки;

- 73.20 Истражувања на пазарот и испитување на јавното мислење;

- 74.90 Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место;

- 84.21 Надворешни работи;

- 85.41 Образование после средното, кое не е високо;

- 85.59 Друго образование, неспомнато на друго место;

- 94.12 Дејности на струкови организации врз база на зачленување; и

- 94.99 Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

Член 9

Здружението може да воспоставува и меѓународна соработка со странски и меѓународни здруженија и организации, во согласност со позитивните меѓународни норми.
Здружението може да формира и регионални мрежи со слични странски здруженија, а може и да членува во веќе постоечките.
ЕВРОТИНК за подобро и поквалитетно остварување на своите цели може да користи и обезбеди и стручна поддршка и помош од јавноста.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 10

Член на здружението може да биде секое полнолетно лице кое е квалификувано и/или активно во областа на ЕУ. Има искуство во едукативна и истражувачка дејност (член 1); кое ги прифаќа мисијата, целите, методите и задачите на здружението (член 6).

Член 11

Секое лице кое сака да пристапи во членство во здружението и притоа ги исполнува предвидените услови, своето барање го поднесува до Управниот одбор на здружението.
Барањето за пристапување во членство во здружението се поднесува во писмена форма.

Член 12

Управниот одбор го разгледува барањето на првата наредна средба по приемот на истото и му предлага на Собранието прием во членство.

Управниот одбор препораката за прием во членство ја донесува со апсолутно мнозинство гласови.

Член 13

За прием во членство во здружението одлучува Собранието на здружението на своето годишно собрание. Ако од поднесувањето на барањето за прием во членство до одржувањето на годишното собрание треба да помине период подолг од 60 дена, тогаш одлуката за прием во членство Собранието ја донесува на посебна седница на собранието, или по пат на електронско изјаснување.

Член 14

Одлука за прием во членство во Здружението Собранието ја донесува со двотретинско мнозинство. Член 15

Членството во здружението се регулира со намирување на годишна чланарина пред почетокот на секое Годишно собрание.

Член 16

Членството во здружението може да престане со писмена изјава од членот, како и со исклучување заради непочитување на одредбите на статутот и другите акти.

Член 17

Откажувањето од членство може да биде во писмена форма или да биде дадено усно на седница на Собранието, односно преку дејствија со кои на јасен и недвосмислен начин ќе се покаже волјата на членот да престане неговото членство во здружението.

Член 18

Предлог за исклучување изготвува Управниот одбор, доколку утврди дека членот континуирано го крши Статутот и другите акти на здружението, делува против интересите на здружението и го загрозува неговото постоење.
За предлогот за исклучување одлучува Собранието на здружението на своето годишно собрание. Ако од поднесувањето на предлогот до одржувањето на годишното собрание треба да помине период подолг од 60 дена, тогаш одлуката за исклучување Собранието ја донесува на посебна седница на собранието, или по пат на електронско изјаснување.

Одлуката од став 1 на овој член Собранието ја донесува со двотретинско мнозинство гласови.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 19

Органи на здружението се Собрание, Управен одбор и Советодавен одбор.

### Член 20

Собранието на ЕВРОТИНК:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај, односно завршна сметка, како и насоки и план за работа и истите ги објавува на веб страницата на здружението;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целта на здружувањето;
- одлучува за прием на нови членови и престанок на членувањето;
- избира органи на здружението;
- избира членови на Управен одбор на здружението;
- одлучува за статусните измени на здружението;
- одлучува за отуѓување на имотот на здружението;
- одлучува за престанок или спојување на организацијата;
- врши и други работи во согласност со закон, статутот и општите акти на здружението.

### Член 21

Собранието работи на седници.
Собранието по правило одржува седница најмалку еднаш годишно.
Седница на Собранието свикува Претседателот на Управниот Одбор.
Членовите на Собранието за седницата се известуваат со покана која го содржи дневниот ред за истата.
Поканата за седницата на Собранието се доставува по електронски пат на адреса на е-пошта која членот ја пријавил во здружението најдоцна 15 дена пред одржувањето на состанокот.

Член 22

Вонредна седница на Собранието се свикува по предлог на Управниот одбор, или на една третина од вкупниот број членови на Собранието.
Ако Претседателот на Управниот Одбор во рок од 5 дена од денот на добивање на предлогот не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

Член 23

Пред почетокот на седницата Собранието го потврдува регистарот на членови и ги утврдува активните членови кои го сочинуваат работниот состав на седницата.
Собранието може да работи ако на него присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови, односно потребното мнозинство за донесување на одлука согласно одредбите на овој статут.
Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови, освен ако со овој статут не е предвидено поинаку.

Член 24

На собранието се одлучува со јавно гласање, доколку со овој статут не е предвидено за определени прашања да се одлучува тајно.
Секој член на Собранието има право на еден глас.

Член 25

Собранието на ЕВРОТИНК одлучува со двотретинско мнозинство за:

- изклучување од членство на здружението

- избор на членовите на Управниот одбор на ЕВРОТИНК.
- донесување, изменување и/или дополнување на статутот;
- за престанок или спојување на организацијата со друго здружение;
- за отуѓување на имотот на здружението; и
- за промена на целта на здружувањето.

Член 26

**Управниот одбор на Евротинк го сочинуваат Претседател и два до четири членови со мандат од 3 години со право на повторен избор.**

Член 27

Извршниот директор на организацијата учествува во работата на Управниот одбор без право на глас.
Вработени во канцеларијата на ЕВРОТИНК не можат да бидат членови на Управниот одбор.
Мандатот на член на Управниот одбор може да престане и пред време, по негово барање или со одлука на Собранието.

Член 28

Управниот одбор:
- ги подготвува седниците на Собранието;
- го подготвува нацртот на статутот и другите одлуки што ги донесува Собранието;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- усвојува комуникациска стратегија;
- усвојува насоки за работа и годишен план за работа, како и годишен финансиски план за отворени и повици кои следуваат, а на кои организацијата треба да пријави свои проекти и истите ги менува согласно потребите на организацијата;
- расправа за имплементацијата на годишниот финансиски план и финансиското планирање на организацијата и предлага насоки и мерки за негово подобрување, а врши и финансиски и програмски мониторинг на

работењето на организацијата, ги усвојува завршните наративни и финансиски извештаи;

- му предлага на Собранието усвојување на годишниот извештај и годишниот финансиски извештај;

- му предлага на Собранието прием во членство, односно престанок на членството во здружението;

- формира Извршна канцеларија и врши контрола врз нејзината работа;

- формира стручни и советодавни тела заради спроведувањето на програмските активности на организацијата и одлучува за нивниот состав;

- редовно следи и се консултира со Извршната канцеларија за јавните настапи и промоцијата на резултатите добиени од работата на организацијата;

- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;

- подготвува годишен извештај за својата работа;

- именува и разрешува Извршен директор на здружението;

- одлучува за утврдување на судир на интереси и разрешување на судирот на интереси;

- организира процес на консултации за истражувањата и за предложените алтернативни решенија во рамките на советодавните тела; и

- врши и други работи пропишани со закон, со овој статут или другите општи акти на здружението.

Член 29

Управниот одбор работи на седници, со кои претседава Претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство член на одборот кој бил овластен од Претседателот на Управниот одбор.
Управниот одбор работи на редовни седници, а во текот на една година одржува најмалку две седници.
Претседателот на Управниот одбор ги известува членовите на здружението за одржувањето на седницата и им го доставува дневниот ред.
Поканата за седницата на Управниот одбор се доставува по електронски пат на адреса на е-пошта која членот ја пријавил во здружението.

Член 30

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8

Седницата на Управниот одбор може да се одржи доколку се присутни мнозинството членови на Управниот одбор.
Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од членовите.

Член 31

Управниот одбор предлага членови на Советодавен одбор, а Собранието одлучува по предлогот за членови на Советодавен одбор.
Советодавниот одбор го сочинуваат членови именувани за мандат од 3 години, со право на повторен избор.

Член 32

Членовите на Советодавниот одбор се избираат на предлог на Управниот одбор од следните четири категории:

- академија;
- медиуми;
- НВО/тинк-тенк; и
- меѓународна заедница.

При составувањето на предлог листата на членови на Советодавниот одбор, Управниот одбор ќе направи консултации со членовите и со тимот на организацијата и од нив ќе побара предлози за членови на одборот.
Во работата на Советодавниот одбор учествуваат 4 членови на организацијата утврдени на следниот начин: Извршниот директор, претседателот и уште еден член на Управниот одбор, односно еден член на Собранието.

Член 33

Советодавниот одбор:

- ја советува организацијата при изработката и усвојувањето на стратегии и акциски планови;
- ја советува организацијата при утврдувањето на тематските приоритети;
- го советува Управниот одбор при изработката на насоки за работа, годишен план за работа, како и годишен финансиски план;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8

- го советува Управниот одбор за вмрежувањето на организацијата и комуницирањето со потенцијални партнери и соработници при аплицирањето и имплементирањето на проектите;

- го советува тимот на организацијата за јавни настапи и промоција на резултатите добиени од работата;

- го советува извршниот директор во врска со имплементацијата на програмски и проектни задачи;

- го советува извршниот директор за постојано зајакнување на внатрешните капацитети на организацијата; и

- го помага спроведувањето на одредени програмски задачи и учествува во рецензија на анализи и подготвени студии.

Советодавниот одбор работи на редовни седници, а во текот на една година одржува најмалку две седници

Член 34

Управниот одбор именува Извршен директор на здружението.
Извршниот директор не може истовремено да биде член на Управниот одбор.

- го застапува здружението пред трети лица;

- потпишува договори во име на здружението;

- ја потпишува завршната сметка на здружението; и

- врши други работи утврдени со закон, статутот и со деловник за работа на Управниот одбор.

Извршен директор на ЕВРОТИНК работите од своја надлежност ги извршува по претходно одобрение од Управниот одбор.
Доколку природата на работата не трпи одлагање, Извршен директор е должен да постапи во интерес на здружението, а за своето дејствување да го извести Управниот одбор на наредната седница.

Извршниот директор е главен носител на извршните и програмските функции во здружението.
Извршниот директор се избира за време од 3 години со право на повторен избор.

Член 35

Извршниот директор како главен носител на извршните и програмските функции ги има следните права, должности и одговорности:

- соработува и комуницира со партнери, донатори и релевантни чинители;

- се грижи за постојано зајакнување на внатрешните капацитети во согласност со стратегијата на организацијата;

- се грижи за обезбедувањето на квалитет и евалуација на понудените/испорачаните услуги;

- раководи со секојдневните активности на извршната канцеларија, координира различни програмски задачи, комуницира со членовите и надворешните експерти за остварување на истите;

- ги координира активностите за застапување и промоција;

- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;

- предлага донесување на насоки за работа и годишен план за работа и одговара за нивното спроведување;

- предлага усвојување на годишен извештај;

- предлага на Управниот одбор развој на стратегиски документи и упатства за работата на организацијата, за финансиското известување и обезбедувањето на финансиска транспарентност и отчетност;

- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Управниот одбор;

- заедно со Програмско-административниот директор е потписник на сметката на здружението; и

- врши други работи утврдени со закон, статутот или со упатствата усвоени од Собранието на ЕВРОТИНК.

- Извршниот директор предлага структура на Извршната канцеларија до Управниот одбор

Член 36

Управниот одбор за својата работа му поднесува извештај на Собранието, на неговата редовна седница, а најмалку еднаш годишно.
Извештајот за работата на Управниот одбор, односно годишниот извештај ги одобрува Собранието.

СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ НА ЕВРОТИНК

Член 37

Здружението може да се стекнува со имот на начин и под услови утврдени со закон и со овој Статут.
Средствата за работа на здружението можат да се обезбедат преку:

- членарина;
- донации;
- грантови;
- подароци;
- прилози;
- спонзорства; и
- од приходи од стручни и други активности на здружението.

Здружението може да добива средства и од Буџетот на РМ, буџетите на единиците за локална самоуправа и буџетот на град Скопје, согласно со одредбите на законот.

Член 38

За стекнување на имот на здружението одлучува Управниот одбор, и истиот води евиденција за него.
Имотот на здружението се состои од движен и недвижен имот, како и права од интелектуална сопственост, истиот е неприкосновен и служи исклучиво за негови потреби, програмски цели и определби.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 39

Работата на здружението е јавна.
За работата и активностите на задружението јавноста се информира преку прес конференции, или преку печатените или електронските материјали што ќе бидат објавени и дистрибуирани.

Член 40

Здружението обезбедува јавност на статутот и организациските документи.
Статутот и организациските документи здружението ќе ги постави и ќе ги направи достапни преку својата веб страна.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 8

- Уставниот Суд на Република Северна Македонија утврди дека Статутот и Програмата на здружението не се во согласност со Уставот;
- се утврди дека здружението фактички престанало со работа; и
- во други случаи утврдени со закон.

Член 46

По престанокот на друштвото, намирувањето на обврските и бришењето од регистарот на Здруженија на граѓани, имотот на здружението ќе и припадне на невладина или хуманитарна организација, согласно одллуката на Собранието.

Во Скопје,
19 декември, 2022 година

Извршен директор
Димитар Николовски

Претседавач со Собрание
Александар Стојановски

Членови на Собрание на Евротинк
Димитар Николовски
Александар Стојановски
Ајше Мехмети
Наташа Воигт Јованова
Горан Николоски
Весна Василева
Георги Христов
Иван Стефановски
Љупчо Петковски
Петрус Теунис
Филип Тосевски